РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

# Тема:

# „Корупција, судир на интереси и нивно детектирање“

**5 декември 2023 година, Скопје**

м-р Владимир Георгиев
Член на Државна комисија за спречување на корупцијата

# Содржина

- **Корупција и судир на интереси – општи напомени**
- **Судир на интереси и некомпатибилност**
- **Значење на изразите употребени во ЗСКСИ**
- **Ризични области за појава на судир на интереси**
- **Спречување на корупцијата во вршењето јавни овластувања (ЗСКСИ)**
- **Мерки за спречување на судир на интереси според ЗСКСИ**
- **Постапка пред ДКСК**
- **Изјава за имотна состојба и интереси**
- **Графикон за постапување по пријави во ДКСК**
- **Интегритет**
- **Притисоци / ситуации – дилеми**
- **Самопроценка**
- **Изземање на судии / обвинители**
- **Истражувања на мислењето на граѓаните**

**/////////////**

- **Анализи, проценка на ризици и препораки за спречување на корупцијата во обвинителството**
- **Дискусија / случаи / примери**

# • Корупција и судир на интереси – општи напомени

- Корупција…

- Меѓународни договори, тела, извештаи, конференции
    - Во сложувалката за борба против корупција неопходна е политичка волја. Државата мора да најде начин да ги скрши оние политичките мрежи што дозволуваат корупцијата да цвета, порача заменик амбасадорот на САД, Ерик Мејер.

- Систем за борба против корупцијата

# Систем за борба против корупцијата



# Корупција и судир на интереси – општи напомени

- Судирот на интереси како состојба и нејзините појавни облици, во последните години, сè повеќе го свртуваат вниманието на јавноста и се почесто стануваат предмет на јавна дебата.

- Судирот на интереси често претставува терен преку кој настанува корупцијата и иако корупцијата секогаш треба да е кривично гонета, постоењето на судирот на интереси е природно, тоа е состојба што често се случува независно од волјата на поединецот, бидејќи секојдневно се среќаваме со ситуации што може да не доведат во состојба на судир на интереси.

- Затоа, клучно е правилното управување со судирот на интереси. Оттука, спречувањето на судирот на интереси и на неговите појавни форми значи воспоставување на механизми за справување со нив пред, или во моментот кога тие настануваат.

- Ако корупцијата е злоупотреба на функцијата, јавните овластувања и должности за остварување корист, тогаш судирот на интереси е состојба на судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице во кој приватниот интерес влијае или може да влије врз непристрасното извршувањето на неговите јавни овластувања и должности.

# Корупција и судир на интереси – општи напомени

Јавен наспроти приватен интерес

- **Општ принцип во спречувањето на судирот на интереси е обврска за службените лица секогаш да дејствуваат во корист на јавниот интерес, без оглед на нивните лични интереси и да дејствуваат во согласност со принципите на законитост, еднаквост ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрасност, чесност и професионалност**

- Службеното лице во извршувањето на неговите службени должности никогаш не треба да биде подведено од семејни, етнички, верски, политички или други лични интереси

# Судир на интереси VS некомпатибилност

- Форми на судир на интереси
  - вистински / фактички,
  - привиден и
  - потенцијален
- Неспоивост (забрани и ограничувања)

# Значење на изразите употребени во ЗСКСИ



Член 8

(1) За определување на значењето на изразите избрано или именувано лице, правно лице, одговорно лице во правно лице и лице кое врши работи од јавен интерес, се применуваат одредбите за значење на изразите од Кривичниот законик – (Член 122, став (4) а))

(2) Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

- ✓ Главната задача на службените лица е да служат на јавниот интерес. Во нивната секојдневна рутина, овие луѓе се јавуваат во голем број улоги. Тие се истовремено и претставници на власта и приватни лица и ова може да доведе до судир на интереси. Бидејќи граѓаните очекуваат од службените лица чесно, фер и непристрасно однесување, важно е тие да не се вклучат во било каква ситуација која може да ги доведе во состојба на судир на интереси, но и да спречат состојби на потенцијален и на т.н. привиден судир на интереси.

# Значење на изразите употребени во ЗСКСИ

- КЗ: член 122 став (25): под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.
- ЗСКСИ: Член 8 став (3): под поимот „семејство“ во смисла на овој закон се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето од ставот (1) на овој член живее во заедничко домаќинство.

# Значење на изразите употребени во ЗСКСИ

- **Што е блиско лице?**

Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

# Значење на изразите употребени во ЗСКСИ

- Што е јавно овластување?
- Член 8 став (9): Под поимот „јавно овластување“, се подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.

- Што е службена должност?
- Член 8 став (10) Под поимот „службена должност” се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

- Што е јавен интерес според ЗСКСИ
- Член 8 став (8): Под поимот „јавен интерес“ се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

# Ризични области за појава на судир на интереси

- Кумулација на функции
- Вршење на дополнителна дејност за време на вршење на функцијата
- Соработка на институциите со правни лица кои се во сопственост на службените лица
- (Влијание при) вработување на блиски лица - непотизам / кронизам / клиентелизам
- Вработување на службени лица по престанок на извршување на функција
- Злоупотреба на информации добиени по службена должност, кои не се достапни на јавноста
- Користење на заеми и други видови поддршка од државата

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО **ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА** - ЗСКСИ

**Забрана за вршење на други дејности**

- **Член 44**

(1) Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.

**Ограничувања за вршење на дејност за време на вршење на функцијата**

- **Член 45**

(1) Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО **ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА** - ЗСКСИ

**Ограничување на вршење надзор**

- **Член 46**

Лицата кои со службеното лице се блиски лица, за кои оправдано се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

**Ограничување за вршење дејност по престанокот на функцијата**

- **Член 47, Член 48**

(Во зависност од ситуациите) службеното лице во рок од три (две) години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може……

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА - ЗСКСИ

**Членство во управни и надзорни органи**

- **Член 49**
- (1) Избрано или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал, освен ако со закон не е поинаку утврдено.
- (2) Вработен во јавниот сектор, може да биде член во **еден** управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.

**Забрана за злоупотреба на службени податоци**

- **Член 50**
- (1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
- (2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.

**Ограничувања во соработката со правни лица**

- **Член 51**

(1) Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство....

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО **ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА** - ЗСКСИ

**Забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата**

- Член 52

Правно лице чиј основач или сопственик **<u>било</u>** или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.

**Располагање со државен имот**

- Член 53

Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал е должно веднаш, а најдоцна во рок од десет дена на Државната комисија да и го пријави секој промет со државен имот со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од него или член на неговото семејство или во кое одговорно лице е член на неговото семејство.

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО **ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА** - ЗСКСИ

**Економично користење на државни средства**

- **Член 54**

Секое службено лице е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени. Забрането е средствата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на користење.

**Забрана за стекнување акционерски права**

- **Член 55**

(1) Службено лице не може во текот на траењето на мандатот, односно должноста, како и во рок од три години по нивниот престанок да стекне по која и да е основа и во кој и да е облик акционерски права во правно лице врз кое тој или органот во кој работи или работел, врши, односно вршел надзор, освен ако тие права ги стекне по пат на наследување.

**Забрана на влијание за вработување блиски роднини**

- **Член 56**

(1) Службено лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано.

(2) Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО **ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА** - ЗСКСИ

**Забрана за влијание врз постапките за јавни набавки**

- Член 57

Службено лице не смее да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка... давање одобренија, концесии, контингенти или дозволи за вршење на стопанска или друга профитна дејност

**Забрана за примање подароци**

- Член 58

(1) Службеното лице при вршењето на јавните овластувања и должности не смее да прима подароци, освен во случаите, во износ и на начин утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, односно Законот за вработените во јавниот сектор.

(2) Државните органи и другите органи и организа-ции се должни да достават до Државната комисија ко-пија од листата од евиденцијата за примените подаро-ци од ставот (1) на овој член, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

**Спонзорства и донации**

- Член 59

# Мерки за спречување судирот на интереси во ЗСКСИ

- Превентивни:
  - постапување во случај на постоење на судир на интереси,
  - пријавување на состојба на судир на интереси,
  - изземање

- Реактивни:
  - поведување прекршочна постапка
  - барање за поведување дисциплинска постапка
  - иницијатива за разрешување / престанок
  - мерка јавна опомена

# Постапување во случај на постоење на судир на интереси

Член 72

(1) Службеното лице во своето работење, <u>е должно да внимава на потенцијален судир на интереси</u> и да преземе мерки за негово одбегнување.

(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за <u>да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице</u> врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа <u>да го извести својот претпоставен</u>.

(3) Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно <u>да побара мислење од ДКСК</u>

# Пријавување на состојба на судир на интереси

Член 73

(1) Ако службено лице учествува во расправа за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, тоа е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.

# Изземање

Член 75

(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

(2) Службеното лице ќе биде изземено и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

# Постапка пред ДКСК за утврдување судир на интереси

Член 77

(1) Ако ДКСК констатира постоење на судир на интереси, е должна за тоа да го извести службеното лице и да побара од него во рок од 15 дена од доставување на одлуката да го отстрани судирот на интереси.

(3) Ако службеното лице не постапи по барањето ДКСК без одлагање за тоа го известува надлежниот орган:

- со барање да се поведе дисциплинска постапка, доколку службеното лице не е избрано или именувано лице или

- со иницијатива за разрешување/престанок на вршењето на јавните овластувања или должности, доколку службеното лице е именувано или назначено лице или

- при што изрекува мерка јавна опомена, доколку службеното лице е лице избрано на непосредни избори (и прекршочна постапка).

# Изјава за имотна состојба и интереси согласно член 82 од ЗСКСИ - алатка за утврдување судир на интереси

- Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.
- Изјавата за интереси, содржи информација за работни места и членство во управни одбори, членство во здруженија и фондации и други податоци кои се потребни согласно со пропишаниот образец за него и за членовите на неговото семејство.
- Службеното лице има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси и во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата односно вработувањето. Службеното лице изјавата за имотна состојба и интереси ја доставува до Државната комисија.
- Доколку службеното лице по изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, не поднесе до Државната комисија анкетен лист, односно изјава за имотна состојба и интереси согласно со членот 82 од овој закон, ќе му се изрече глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност.

# Постапување по пријави во ДКСК



# За да се избегне судир на интереси, треба:

- Свест, волја, посветеност и ангажираност на службените лица во избегнување на состојби на судир на интереси со давање на личен пример и охрабрување на сите други вработени да ги препознаваат состојбите на судир на интереси;
- Проширување на знаењето за тоа што е судир на интереси и како да се избегне (обуки, публикации, платформа за е-учење)
- Проценување на ризиците од судир на интереси, воведување на систем за управување и следење на истите;
- Примена на санкции за непочитување на правилата за управување со судир на интереси;
- Решавање на сите случаи на судир на интереси на праведен и единствен начин.

# Интегритет - ЗСКСИ

- Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно (**Начело на интергитет** - Член 4 став 1)

- Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции (**Член 8 став 7)**

# Интегритет

Одделот за економски и социјални работи на Обединетите нации (UN DESA) го дефинира поимот интегритет како „... клучен елемент кој го комплетира концептот на одговорноста и транспарентноста

- Во контекстот на јавната служба интегритетот „бара“ службените лица да не се ставаат себеси во состојба на финансиска или друга обврзаност кон поединци или организации кои би можеле да влијаат врз нив во извршувањето на нивните службени должности

*UN DESA: „Дефинирање на основните концепти и терминологии во областите управување и јавна администрација”
http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/un/unpan022332.pdf

# Притисоци/ситуации што Ве доведуваат до дилема како да постапите

- Какви притисоци постојат
  - внатрешни / лични (незадоволство, премногу работа, или желба за корист) и
  - надворешни (роднински, партиски, политички, криминални, други...)
- Исто така притисоци може да се јават заради
  - претходно ставање во одредена позиција на обврзаност / зависност (избор, именување, вработување, услуга и сл) – неправилно решена дилема, или
  - притисок без претходно ставање во зависност. Справувањето со вториот вид е многу полесно....
- Доколку има притисок, дилема е дали да се пријави или не? Ако нема зависност тогаш е лесно, ако има---- ? тешко е
- Доколку нема зависност повторно има дилема:
  - дали притисокот е проследен со нудење на поткуп / корист или со закана.
  - Првото е врзано со други кривични дела - поткуп, злоупотреба и сл, но исто така ве става во веќе фактичка зависност и можност за уцени.

# Процес на самопроценка

Со цел самите да го идентификувате можниот судир на интереси, искрено одговорете на следните прашања:

- Дали имам личен или приватен интерес кој може да има влијание врз извршувањето на мојата службена должност?
- Дали сега или во иднина, може да имам корист од таквиот интерес, што би можело да фрли сенка врз мојата објективност?
- Како другите ќе гледаат на мојата вклученост во таквото постапување или донесување на одлука?
- Дали постојат ризици за мене или за мојата институција?
- Дали мојата вклученост во донесувањето на конкретната одлука се чини праведна и разумна под било какви околности?
- Што добивам или што губам од одредено постапување - донесување одлука?
- Какви би можеле да бидат последиците доколку го игнорирам судирот на интереси?
- Што ако моето постапување се изложи пред јавноста?
- Дали сум дал било какво ветување или презел обврска во конкретниот случај?

# Претпазливост

- Службените лица треба да бидат особено внимателни и да направат лична проценка дали подароците со мала вредност (пенкала, книги, украси, покани за кафе, ручек, ситни услуги), особено кога се зачестени, нема да ги компромитираат и да ги стават во позиција да се чувствуваат должни дека треба да вратат услуга на начин на кој ќе се побара нивно влијание што е недозволиво според принципите на кодексот.

# Изземање на судии и обвинители

Во ЗКП (Член 33 – причини за изземање) и ЗПП (Член 64 – изземање) не се говори за судир на интереси во постапките на судиите и обвинителите туку за изземање

# Закон за кривична постапка

Член 33 Причини за изземање

(1) Судија или судија - поротник не смее да врши судиска должност, ако:

- е оштетен со кривичното дело;
- обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот, неговиот законски застапник или полномошник, му е брачен, односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, а по сватовство до втор степен;
- со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик;
- во истиот кривичен предмет учествувал како судија на претходна постапка, учествувал во испитувањето на обвинението пред главната расправа, или учествувал во постапката како тужител, бранител, законски застапник или полномошник на оштетениот, односно на тужителот, или е испитан како сведок или како вештак и
- во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлука на пониskiот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива со жалбата.

(2) Судија или судија - поротник може да биде изземен од вршење на судска должност покрај случаите наведени во ставот (1) на овој член, ако постојат околности кои предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност.

# Закон за кривична постапка

- Член 38 - Изземање на јавните обвинители и другите учесници во постапката

(1) Одредбите за изземање на судии и судии - поротници согласно ќе се применуваат и врз јавните обвинители, и врз записничарите, преведувачите, односно толкувачите и стручните лица, како и врз вештаците, ако за нив не е определено нешто друго

# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРУПЦИЈА И ИНТЕГРИТЕТ, ДКСК февруари 2022

# Систем за интегритет vs корупција

## Ставови на граѓаните

Корупцијата преставува голем проблем во земјата за 59% од граѓаните (6% повеќе отколку од 2020).

Граѓаните веруваат дека нема значителен напредок во борбата против корупцијата во последните 12 месеци.

Законите се неефикасни и важат само за одредени луѓе.

Судовите на правдата се неефективни или многу неефективни за 70% од граѓаните.

## Ставови на бизнис секторот

Најголеми проблеми:

- -корупција на судовите (7,92)
- -корупција кај инспекциските органи (7,29)
- -селективна примена на законите и прописите (7,23)
- Како најмали проблеми ги оцениле слабиот пристап до финансии од кредити (5,6) и зачестените ревизии од надлежните служни (5,65)

## Ставови на јавната администрација

Главни демотивирачки елементи:

1. Платата - 55% (во 2020 било 45%).

2. Премногу бирократија - 24% (во 2020 било 22%)

3.Корупцијата /непотизмот /неетичкото опкружување - 22%  (во 2020 било 21%)

4.Недоволната независноста за што се изјасниле 20% (во 2020 било 16%)

Мерење на јавното мислење за перцепцијата на граѓаните за корупција и интегритет, февруари 2022 година

# Кој метод го претпочитувате за да ги решите вашите проблеми, кога имате контакт со надлежните власти?



# Според вашите етички стандарди, корупцијата е:



# Што би можело да ве натера да се вклучите во борба против коруптивни практики?



Замислете ситуација во која вашиот колега/шка  од работа прима поткуп или подароци поврзани со неговите професионални одговорности. Откако сте дознале за ова...? Како би го оцениле ваквото однесување?



# Замислете ситуација во која вашиот колега/шка  од работа прима поткуп или подароци поврзани со неговите професионални одговорности. Откако сте дознале за ова…? Дали би ги информирале вашите претпоставени?



# https://www.rcc.int/pubs/141/securimeter-2022

- corruption poses a significant threat to security and stability in the region
- **Judiciary is among the three most corrupted sector**
- 63% share the opinion that their economies lack strong and safe corruption reporting systems (57%) the prevalent reason is “ nothing would come out of reporting corruption”
- only a quarter of respondents agree that women are more affected by corruption than men, 37% claim the opposite, 30% is not sure

# Проценка на ризиците од корупција во правосудството во Северна Македонија

SCPC
STATE COMMISSION FOR PREVENTION OF CORRUPTION

ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe **Mission to Skopje**

# Вовед

- Опфат на анализата
  - Рангирање на ризиците од корупција во правосудството;
  - Искуство со обиди за несоодветни влијанија;
  - Ставови за делотворноста на превентивните механизми;
  - Доверба во Судскиот совет и Советот на јавни обвинители;
  - Ставови за севкупните услови за работа.
- Ризик од корупција: секоја практика што има негативни последици врз функционирањето и непристрасноста и независноста на судовите и јавните обвинителства.
- Проценката се стреми да придонесе за креирање политики и за делотворен институционален одговор на идентификуваните ризици од корупција во правосудството.

# Методологија

- Правна анализа и интервјуа
  - идентификација на потенцијални ризици од корупција (и практики)
- Анкета
  - Октомври – ноември 2022 г.
  - 212 одговори од судиите (49,6 %) и 83 одговори од јавните обвинители (50,6 %)
- Рангирање на ризици
  - Присуство: **Колку се присутни подолу наведените појави во судот/обвинителството во кој/е работите?** *Ве молиме дадете оценки од 1 до 5 каде 1 значи дека појавата воопшто не се случува, а 5 значи дека појавата се случува постојано*
  - Ефект: **: Колкав ефект имаат подолу наведените појави врз постапувањето и непристрасноста на судиите во судот во кој работите?** (оценки од 1 до 5)

# Рангирање на ризиците од корупција кај судиите

| | Ризик | Коефициент на ризик (присуство x ефект) | Тип за ризик |
|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување на несоодветни наоди и мислења од страна на вештаците | **9.13** | Надворешен ризик |
| 2 | Злоупотреби на процесните права од страна на адвокатите со цел одолговлекување на постапката | **9.01** | Надворешен ризик |
| 3 | Низок квалитет на обвинителните акти | **8.88** | Надворешен ризик |
| 4 | Неетичко однесување на адвокатите кое кај странките и оштетените предизвикува впечаток за корупција | **7.64** | Надворешен ризик |
| 5 | Блискост помеѓу јавни обвинители и адвокати која влијае врз постапките | **6.22** | Надворешен ризик |
| 6 | Влијание на претседатели на суд преку годишниот распоред за работа на судот | **6.10** | Внатрешен ризик |
| 7 | Злоупотреба на АКМИС системот од страна на адвокатите во граѓанска постапка преку поднесување на повеќе тужби за ист предмет | **6.09** | Надворешен ризик |
| 8 | Блискост помеѓу судии и адвокати која влијае врз постапките | **5.78** | Внатрешен ризик |

# Рангирање на ризиците од корупција кај јавните обвинители

| | **Ризик од корупција** | Коефициент на ризик (присуство x ефект) | Вид на ризик |
|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување на несоодветни наоди и мислења од страна на вештаците | 6.38 | Надворешен ризик |
| 2 | Недостаток на соработка помеѓу јавните обвинителства и другите надлежни органи за откривање (МВР, УФР, УЈП, Царина, ...) во текот на претходната постапка | 6.02 | Надворешен ризик |
| 3 | Злоупотреби на процесните права од страна на бранителите во текот на претходната постапка | 5.53 | Надворешен ризик |
| 4 | Протекување на доверливи информации во тек на претходната постапка од страна на органите со кои соработува јавното обвинителството | 5.15 | Надворешен ризик |
| 5 | Недоволна примена на институтот на спогодување за видот и висината на кривичната санкција од страна на јавното обвинителството | 5.05 | Внатрешен ризик |
| 6 | Незаконито влијание врз сведоци од страна на одбраната | 4.91 | Надворешен ризик |
| 7 | Блискост помеѓу судии и бранители која влијае врз кривичната постапка | 4.81 | Надворешен ризик |
| 8 | Неетичко однесување на бранителите кон работата на јавните обвинители кое предизвикува впечаток за корупција | 4.55 | Надворешен ризик |

# Искуство со обиди за несоодветни влијанија

| Колку често се среќавате со определени директни или индиректни притисоци/сугестии/обиди за влијание врз вашата работна автономија од страна на: | Никогаш | Ретко | Често | Постојано | Ретко+Често +Постојано |
|---|---|---|---|---|---|
| Адвокати | 59 % | 27 % | 14 % | 0 % | 41 % |
| Претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, итн.) | 64 % | 33 % | 4 % | 0 % | 36 % |
| Јавни обвинители од повисок ранг (шеф на јавно обвинителство и/или повисок надлежен јавен обвинител) | 63 % | 28 % | 6 % | 2 % | 36 % |
| Колеги јавни обвинители | 63 % | 33 % | 1 % | 1 % | 35 % |
| Судии | 67 % | 30 % | 1 % | 1 % | 33 % |
| Претставници на политички партии | 70 % | 23 % | 6 % | 0 % | 29 % |
| Претставници на бизнис секторот | 77 % | 20 % | 2 % | 0 % | 23 % |
| Членови на Советот на јавни обвинители | 87 % | 12 % | 0 % | 1 % | 13 % |
| Претставници на меѓународната заедница | 93 % | 6 % | 1 % | 0 % | 7 % |

# Антикорупциски механизми



# Доверба во Советот на јавни обвинители



# Општи услови за работа



# Лична безбедност



# Дискусија / случаи / примери